КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 318/1
30.03. 2022 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ
НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
Бр. 03-174/1
30.03 2022 год.
СКОПЈЕ

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери**

**Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, УКИМ, Скопје**

Со цел развој и соработка во делот на технологиите и инженерството, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на двете институции, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, УКИМ, Скопје и Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комора), го потпишуваат следниот:

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Потписниците на овој меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и слично) на теми поврзани со инженерството и технологиите на дрво, како и останати теми од интерес на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, УКИМ, Скопје и професионалните одделенија во Комората.

- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Комората и Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, во активности или во настани кои ќе третираат теми од областа на инженерството, технологиите и архитектурата во Република Северна Македонија.

- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Комората и Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на научната мисла во сферата на инженерството, архитектурата и технологиите.

- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, со цел заштита на интересите на овластените архитекти и овластените инженери, односно членовите, соработниците и студентите на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер.

- Ставање на располагање на просторните капацитети на двете институции за обуки и струкови семинари од взаемен интерес.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

| | |
|---|---|
| **потпис и м.п.** | **потпис и м.п.** |
| **М-р Кристинка Радевски, диа** | **Проф. Д-р Горан Златески** |
| **Претседател** | **Декан** |
| Комората на овластени архитекти и овластени инженери | Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, УКИМ, Скопје |

**Скопје, 30.3.2022 година**